ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 18 ДАТА 12.08.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 18 ДАТА 12.08.2016 г.

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД ЛИЦЕНЦНАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

Седница од 11.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТЕТЕКС АД„ Тетово: Колеќески В. Филип, Брњарчевски Тони, Галовиќ М. Благоја од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, Билбилоски Љ. Марјан, Мифтари Е. Бетим и Абази М. Ирфан од ФК „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар, Бобан Ј. Јанчевски, Рецепи А. Фатон и Панчевски М. Борјан од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје, Бафтијари С. Енсар од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, Хасани Х. Елфат од ФК „Беласица„ од Струмица, Дервиши А. Енис од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, Николовски С. Блашко од ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње, Столевски Б. Јовица од ФК „Теарца-97„ с. Теарце, по член 35/3.

ФК „СКЕНДЕРБЕУ“ с. Порој: Красниќи Ч. Кренер од ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње и Мемеди Р. Берат од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, по член 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

Седница од 11.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЉУБАНЦИ 1974„ с. Љубанци: Тасевски С. Роберт од ФК „Кожуф Гевгелија“ од с. Миравци, Чоков Т. Димитар и Пејов М. Марјан од ФК „Тиквеш 2014„ од Кавадарци и Атанасов Ѓ. Трајче од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по чл. 35/3. Лукаревски А. Димитар, по член 35/1.

ФК „ТИКВЕШ 09„ Кавадарци: Стојков Александар од ФК „Тиквеш 2014„ Кавадарци, чл. 35/3.

Дополнување на документација од
Седница од 05.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЉУБАНЦИ 1974„ Кавадарци: Делов Методија од ФК„Кариана„ Р. Бугарија, по чл. 35/11.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

Седница од 09.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Џинов В. Костадин од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, Кремчески К. Димитар од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Дураковиќ Р. Мирза од ФК „Еуромилк Г.Л. АД„ од Скопје, Василев И. Александар од ФК „Хоризонт Турново АД„ од с. Турново, по член 35/3.
Ѓорѓиев М. Методи, по член 35/1.

ФК „ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД„ с. Турново: Атанасовски З. Давид од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, по член 35/3.

Дополнување на седница од
09.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Марков Б. Александар од ФК „Напредок Здравје Радово„ од с. Радово, по член 35/3.

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ„Струмица: Јанкулов З. Димитар од ФК „Баар„ Р.Швајцарија и Балдовалиев Т. Зоран од ФК „Керкира„ Република Грција, по член 35/11.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 12.08.2016 година

❖ **Регистрција на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Димоски С. Бојан од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, чл. 35/3.
ФК „СКОПЈЕ„ Скопје: Ѓурчиновски П. Дарко од ФК „Силекс АД„ од Кратово, чл. 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Вардар АД„ Скопје и фудбалерот Велковски В. Виктор склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години, до Летен преоден рок 2019 година.

❖ **Поништување на исписница:**

ФК „Вардар АД„ Скопје ја поништува издадената исписница број 03-1839 од 03.09.2015 година на фудбалерот Најдоски С. Александар, поради истек на важноста на исписницата и откажување на промена на клуб.

❖ **Поништување на брисовница:**

Се поништува изденатa брисовница од Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ Скопје број 0206-363 од 07.09.2015 година на фудбалерот Најдоски С. Александар, поради истек на важноста на исписницата од клубот и останува фудбалер на матичниот клуб Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази баба„ од Скопје, фудбалерите: Стојановски С. Дарко, Цикарски Д. Мите, Здравковски Ж. Давид од ФК „Работнички АД„ од Скопје и Бишевац Н. Ндерим од ФК „Братство Влазними„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ МАКЕДОНСКИ БРОД

Седница одржана на ден 29.07.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПРОЛЕТЕР 1937„ Македонски Брод: Милованоски В. Владе, Новески Александар, Блажески З. Јовица, Ѓорѓиоски В. Илче, Миленковски З. Никола, Стојаноски Ј. Љубиша од ФК „Братство„ с. Лисичани, Батанџиоски Љ. Никола, Златески Г. Филипчо од ФК „Напредок„ од Кичево, по член 35/3.
Мојсоски С. Буде, Рувчески Д. Антонио од ФК „Пореч„ Македонски Брод и Цветкоски Ж.Бојан од ФК „Мирче Ацев„ од Македонски Брод, по чл. 35/4.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

Седница од 10.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФЛАМУРТАРИ„ с. Дебреше: Хајдари Х. Ханиф од Фудбалски клуб „Аресими 1973„ од с. Чегране, по член 35/3.
ФК „ВАРДАР„ с. Форино: Исљами Н. Вилдан од Фудбалски клуб „Градец„ од с. Градец, по член 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

Седница од 11.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Мишевски В. Филип од ФК „Скопје„ од Скопје и Боби Љ. Божиновски од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, по член 35/3.

ФК „НОВАЦИ 2005„ с. Новаци: Цветановкси Љ. Илија од ФК „Пелистер АД„ од Битола и Грозданоски В. Христијан од ФК „Младост АД„ с.Царев Двор, по чл. 35/3

ФК „БУКОВСКИ ЛИВАДИ„ Битола: Аземи Б. Лирим и Аземи Б. Имран од ФК „Лажец„ од с. Лажец, по член 35/10.

❖ **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клкуб „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Божиновски Љ. Боби склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до летен преоден рок 2017 година.

❖ **Поништување на исписници:**

Се поништува исписницата на фудбалерот Синани Ј. Дрилон издадена од ФК „Пелистер АД„ Битола бр. 0705-28/37 од 07.10.2015 г., бидејќи рокот на исписницата е поминат поради што и тој останува член на ФК „Пелситер АД„ од Битола.

Се поништува исписницата на фудбалерот Стајев А. Роберто издадена од ФК „Пелистер АД„ од Битола број 0705-28/25 од 06.08.2015 година бидејќи рокот на исписницата е поминат поради што и тој останува член на ФК „Пелистер АД„ Битола.

❖ **Поништување на брисовници:**

Се поништува брисовницата на фудбалерот Синани Ј. Дрилон издадена од Општинскиот фудбалски сојуз Битола со број 45/02-2015 година од 09.10.2015 година, бидејќи рокот на важноста е поминат.

Се поништува брисовницата на фудбалерот Стајев А. Роберто, издадена од Општинскиот фудбалски сојуз Битола со број 35/02-2015 година од 26.08.2015 година., бидејќи рокот на важноста е поминат.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објаваува регистрацијата на фудбалерот Атанасов М. Александар од ФК „Витез„ од Босна и Херцеговина за ФК „Пелситер АД„ од Битола, по член 35/11, бидејќи нема сертификат и одобрние од Меѓународна комисија на ФФМ. Не се објавува и нговиот професионален договор во времетраење од 6 (шест) месеци, до ЗПР 2017 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 12.08.2016 година

❖ **Ррегистрација на фудбалери**:

ФК „ЕУРОМИЛК ГЛ АД„ Скопје: Бишевац Н. Ндерим од ФК „Братство Влазними„ од Скопје, Николовски С. Лоренцо од ФК „Победа АД„ од Прилеп, Мурати Е. Адем од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Николовски Г. Марко од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци и Наков М. Мартин од ФК „Цементарница 55„ од Скопје, по член 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

Дополнување на документација од
Седница од 26.07.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КИТ-ГО ПЕХЧЕВО„ Штип: Велковски С. Бобан од Фудбалски клуб „Анунансио„ од Шведска, по член 35/11.

Дополнување на документација од
Седница од 09.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Муратовиќ С. Ведран од Фудбалскиот клуб „Хашк„ Од Загреб, Хрватска, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерот Муратовиќ Ведран склучија договор за професионално занимвање со фудбал во времетраење од 6 (шест) месеци, до Зимски преоден рок 2017 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

Дополнување на документација од
Седница од 05.08.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ Скопје: Заири О. Бурак од ФК „Триглав„ од Крањ, Републкика Словенија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионален договор:**

ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Заири О. Бурак склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2017 година.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 1102-1196/1
03.08.2016 год.

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев – член, Раде Трајковски-член, на седницата од 29.07.2016 година, постапувајки по барањето на Здружение Фудбалски клуб Новаци 2005 од Новаци , го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето на Здружение Фудбалски клуб Новаци 2005 од Новаци, со седиште на ул. Новачки пат бр. бб со ЕМБС 6019641 и ЕДБ 4002005168284 за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017 во организација на ФФМ, бр. 1102-205/1 од 17.02.2016 година.

2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017 на ФК Здружение Фудбалски клуб Новаци 2005 од Новаци.

3. Издадената лиценца ќе биде **повлечена** доколку клубот :
- до 10.08.2016 година не го исполни во целост финансискиот критериум за учество во натпреварување во Втора МФЛ;
- до 10.08.2016 не го исполни во целост персонално-административниот критериум од Правилникот за лиценцирање на клубови во Прва и Втора МФЛ.
- до 15.08.2016 година не го исполни во целост спортскиот критериум и не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече до почеток на натпреварувањето, со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2016/2017 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. Решението да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ за понатамошно постапување.

6. Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 350,оо Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 29.07.2016 година, постапуваше по барање од страна на Комисијата за натпревари за утврдување на исполнетост на критериуми на клубовите од Трета лига ФК Вардар од Форино, ФК Гоблен Јониор од Куманово и ФК Новаци од Новаци за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017.

По разгледување на барањето и доставената документација од страна на клубовите во текот на постапката , Комисијата во поглед на исполнетоста на бараните критериуми за добивање на лиценца за учество во Втора МФЛ утврди дека ФК Новаци од Новаци ги исполнува потребните критериуми за добивање на лиценца за учество во Втора МФЛ.

За исполнување на предвидените критериуми за учество во Втора МФЛ утврдени во Правилникот за лиценцирање на клубови од Прва и Втора МФЛ. а кои клубот реално не можел да ги исполни во моментот на поднесување на документацијата поради околности наведени во одлуката бр. на оваа Комисија , комисијата го утврди следното:

Спортски критериуми

Согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање ,еден од спортските критериуми за добивање на лиценца е и учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории. Поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска за барателот не е достасан комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува со доказ за измирена обврска за котизација и доставени списоци за формирани четири екипи во млади категории.

Да се достави одлука за одобрение на програма за младински развој од УО на клубот и програма.

Финансиски критериуми

Со цел целосна исполнетост на финансиските критериуми , Комисијата утврди дека клубот барател треба да достави доказ за регулирање на обврската поврзана со котизацијата за натпреварување во Втора МФЛ.

Персонално/административни критериуми

Комисијата утврди дека за целосна исполнетост на персонално-административниот критериум клубот барател треба да одговори на обврските кои произлегуваат од делот 4.4 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ и да ја достави потребната документација за утврдување на ангажираноста на стручни лица во клубот за исполнување на овој критериум и тоа:

- да се назначат тренери во младински категори

Врз основа на погоренаведеното, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Претседател,

Александар Најдовски

Доставено до:

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 15 - 1219/2
12. 08. 2016 год.

Врз основа на член 32 а во врска со член 47 и 51 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година за пополнување на лигата за натпреварувањето 2016/17та, Комисијата за натпревари на ФФМ во состав: Васко Дојчиновски-претседавач , Дејан Ачовски–член ,Емир Алими – член, Матеничков Даме-член, на седницата одржана на ден 10.08.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Не се организира бараж натпреварувањето за пополнување на Втора МФЛ утврдено во член 51 став 1 алинеа 1 на Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година поради неисполнување на услови утврдени во член 47 од истите Пропозиции.
2. ЗФК Новаци 2005 од Новаци директно се вклучува во натпреварувањето во Втора МФЛ во натпреварувачката 2016/17 година.
3. Одлуката стапува на сила веднаш.
4. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за натпревари на ФФМ на состанокот одржан на 10.08.2016 година ја разгледа одлуката доставена од Комисијата за лиценцирање на ФФМ со која по барање на оваа Комисија е утврдено исполнувањето на лиценцните критериуми на ФК Вардар од Форино, ФК Гоблен Јуниор од Куманово и ФК Новаци од Новаци за учество во бараж натпреварите за пополнување на Втора МФЛ согласно одредбите од член 51 од Пропозициите на Втора МФЛ за 2015/16 година.

Комисијата за натпревари на ФФМ утврди дека ФК Вардар од Форино и ФК Гоблен Јуниор од Куманово не ги исполниле сите потребни критериуми за лиценцирање за учество во пополнување на Втора МФЛ за натпреварувачката 2016/17 година.

Во врска со исполнетоста на критериумите на ЗФК Новаци од Новаци , Комисијата констатира дека согласно одлуката на Комисијата за лиценцирање, ЗФК Новаци од Новаци ги исполнил сите потребни критериуми за лиценцирање за учество во пополнување на Втора МФЛ за натпреварувачката 2016/17 година.

Комисијата при одлучување го имаше во предвид и Решението издадено од Комисијата за лиценцирање со кое му се одобрува условена лиценца на ЗФК Новаци од Новаци.

Врз основа на погоренаведеното, Комисијата за натпревари утврди дека само еден од трите поразени клуба учесници во бараж натпреварувањето организирано за пополнување на Втора МФЛ согласно член 50 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ сезона 15/16, ги исполнува условите за пополнување на Втора МФЛ утврдено во член 51 став 1 алинеа 1 од истите Пропозиции а по губење на лиценцата на ФК Младост Царев Двор.

Од тие причини а во согласност со член 47 и 51 став 1 алинеа 1од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година Комисијата за натпревари донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

доставено до:
- ЗФК Новаци од Новаци
- Макфудбал
-архива на ФФМ

Комисија за натпревари
Претседател,
Васко Дојчиновски с.р.

МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**